Уп. бр. 08-47

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Генерали ИАРД со регистрирано седиште на 2 Руе Пиллет – Вилл Париз, 75009 Франција и Генерали Вие со регистрирано седиште на 2 Руе Пиллет – Вилл Париз, 75009 Франција, доставено преку Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 15.03.2022 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Генерали ИАРД со регистрирано седиште на 2 Руе Пиллет – Вилл Париз, 75009 Франција ќе стекне единствена контрола над Ла Медикале со регистрирано седиште на 3 Руе Саинт Виунсент де Паул 75010 Париз, Франција, по пат на купопродажба на акции и Генерали Вие со регистрирано седиште на 2 Руе Пиллет – Вилл Париз, 75009 Франција ќе се стекне со портфолио на покритија во случај на смрт и покривање на неповратно губење на автономија кое е осигурено од страна на Предика Превојанце, Диалогуе ду Кредит Агриколе со регистрирано седиште на 16-18 боулевард де Ваугирард, 75015 Париз, Франција иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 09.02.2022 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Генерали ИАРД со регистрирано седиште на 2 Руе Пиллет – Вилл Париз , 75009 Франција, и Генерали Вие со регистрирано седиште на 2 Руе Пиллет – Вилл Париз, 75009 Франција,со која Генерали ИАРД ќе стекне единствена контрола над Ла Медикале со регистрирано седиште на 3

Руе Саинт Виунсент де Паул 75010 Париз, Франција, по пат на купопродажба на акции и Генерали Вие ќе се стекне со портфолио на покритија во случај на смрт и покривање на неповратно губење на автономија кое е осигурено од страна на Предика Превојанце , Диалогуе ду Кредит Агриколе со регистрирано седиште на 16-18 боулевард де Ваугирард, 75015 Париз, Франција, вклучено во полисите за осигурување комерцијализирани од страна на Ла Медикале.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

- Генерали ИАР и Генерали Вие, се зависни друштва во целосна сопственост на Генерали Франција, односно крајно на Ассикурациони Генерали С.п.А.

Генерали Франција е активно во осигурителниот сектор и особено на следните пазари:
-францускиот пазар за обезбедување на производи за животно осигурување и неговите сегменти, преку Генерали Вие;
-францускиот пазар за обезбедување неживотно осигурување, преку Генерали ИАРД и во помала мера преку неговите зависни друштва Л'Екуите, ГФА Караибес и Пруденце Креоле. Генерали Франција е активно на сите подсегменти кои ги има превидено од Европската Комисијата;
-францускиот пазар за дистрибуција на осигурителни производи. Генерали Франција ги дистрибуира директно и индиректно своите производи. Директната продажба ја вршат субјектите споменати погоре (т.е. Генерали Вие и Генерали ИАРД и во помала мера Л'Екуите, ГФА Караибес и Пруденце Креоле).

Генерали Франција е еден од главните светски играчи во секторот за осигурување и управување со средства. Основана во 1831 година, Генерали Групацијата е присутна во 50 земји.
На пазарот на осигурување, Генерали Групацијата е глобален играч во осигурителната индустрија, нудејќи широк спектар на осигурителни производи, кои покриваат животно осигурување и осигурување на имот и штета на клиенти, кои се движат од заштеди, индивидуални и семејни полиси, полиси поврзани со определени ствари, како и осигурување од одговорност на трети лица во сообраќај, имот, незгоди и здравствени полиси. Понудата за осигурување на Генерали Групацијата вклучува софистицирана покриеност за комерцијални и индустриски ризици и приспособени планови за мултинационални трговски друштва. Генерали Групацијата има стратегија за дистрибуција преку повеќе канали, која се состои од меѓународна мрежа на агенти и финансиски советници, брокери, банкарско осигурување и директни телефонски и веб-канали.

На пазарот за управување со средства, Генерали Групацијата е активна во три главни области:

- Инвестициско управување: имплементација на модели за управување со одговорност на средства (*ALM*) и стратешка алокација на средства (*SAA*) за осигурителните друштва на Генерали Групацијата;

- Управување со имот: услуги за управување со имот насочени главно кон клиенти за осигурување, со цел да се прошири базата на клиенти до трети клиенти, како и институционални (како што се пензиски фондови и фондации), така и малопродажба;
- Управување со богатство: финансиски советодавни услуги и услуги за заштита на богатството што им се нудат на приватни клиенти.

Во Северна Македонија, Генерали Групацијата има регистрирано корпоративно присуство преку своето зависно друштво:

-Друштво за управување со инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНЦЕВСТЕМТС АД Скопје со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр.14А-1/2 Скопје-Центар, кое е активно во секторот за управување со инвестициски фондови.

- Ла Медикале е специјализирано друштво во осигурување на здравствени работници. Ла Медикале е активно во Франција и во Монако.

Ла Медикале обезбедува само неживотно осигурување и се фокусира на осигурување од медицинска одговорност. Освен осигурување од медицинска одговорност, Целното Друштво ги нуди и следните производи од осигурување:

- лични повреди;
- моторно возило;
- имот;
- одговорност;
- правно осигурување.

Ла Медикале нема лиценца за обезбедување на животно осигурување. Меѓутоа, како дел од својата активност, Ла Медикале дистрибуира производи за животно осигурување од Предика Кали и Спирика, други зависни друштва на ЦАА, а особено производи за штедење и инвестициски производи.

-Ла Медикале нема регистрирано корпоративно присуство, ниту е активно на било кој пазар во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА  ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**